ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ "КИТКА" ИСТИБАЊА
FOLKLORE ENSEMBLE "KITKA" ISTIBANJA
МАКЕДОНИЈА - MACEDONIA
М.Ф.Ф. "ИСТИБАЊСКО ЗДРАВОЖИВО" I.F.F. "ISTIBANJSKO ZDRAVOZIVO"
"К И Т К А"

Dom na kultura b.b. 2312 Istibanja, Macedonia
Tel./Fax: ++389 (0)33 373 212
Mob. - Viber - Whatsapp ++389 (0)70 523 147

e-mail: fakitka@gmail.com
facebook » Folkloren Ansambl Kitka Istibanja
youtube » Folkloren Ansambl "Kitka" Istibanja

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

Примено: 12 11 2026			
Орг.Един:	Број:	Прилог:	Вредност:
05	285/18		

број: 26-3224/см
Истибања, 12. Ноември 2026

Општина Виница
Виница

Почитувани,

Во прилог на писмово Ви доставуваме:

1. Програма за реализација на 42 – от „ЦИОФФ МФФ Истибањско Здравоживо - 2027".
2. Предлог-буџет за реализација на фестивалот во 2027 година.

Уште еднаш и на овој начин ја изразуваме нашата благодарност за досегашната подршка на нашето работење од Ваша страна, а се надеваме оти истата ке продолжи и со уште поголем интензитет.

Материјаливе Ви ги доставуваме на разгледување и усвојување од Ваша страна.

прилог:
- материјали

Со почит,

Фолклорен Ансамбл „КИТКА" – Истибања
Претседател & стручно-уметнички раководител
Стојко МИТКОВСКИ

ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ „КИТКА“ – ИСТИБАЊА
ОПШТИНА ВИНИЦА

ПРОГРАМА ЗА
42-РИ ЦИОФФ МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ
„ИСТИБАЊСКО ЗДРАВОЖИВО“
(03 – 09. СЕПТЕМВРИ 2027 ГОДИНА)

Нашиот ЦИОФФ Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско Здравоживо“ си го најде вистинското место помеѓу фестивалите не само во Македонија туку и на поширокиte Европски простори. По своите содржини што ги има и по квалитетот на ансамблите – учесници, фестивалот веке неколку децении е член на Светските организации за фолклор и фестивали Ц.И.О.Ф.Ф. и И.О.В. при УНЕСКО.

Доказ за тоа е и наградата од Венецуела, која имено се доделува на секој 5 години. Одборот на директори за овогодинешната награда се одлучи наградата за Европа да ја понесе токму ЦИОФФ МФФ „ИСТИБАЊСКО ЗДРАВОЖИВО“.

За фестивалот постои голем интерес и аплицираат ансамбли од Македонија и многу земји од целиот свет. Ке бидат селектирани и поканети 10 (десет) ансамбли од Македонија и 8 (осум) ансамбли од светот. Бидејќи тоа е минимумот според светските правила на членките при овие светски организации.

Ке биде потребно големо ангажирање за да ги намалиме трошоците од Општинскиот буџет, при реализацијата на фестивалот финансиски да го помогнат фирмите од Општина Виница.

Сакаме да истакнеме дека за време на фестивалот Општината Виница и регионот на Источна Македонија живеат за и околу фестивалот и е вистински празник за Македонската народна култура.

Истибања,
Ноември 2026 година

Фолклорен Ансамбл „КИТКА“ – Истибања
Претседател & стручно-уметнички раководител
Стојко МИТКОВСКИ

ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ „КИТКА“ – ИСТИБАЊА
ОПШТИНА ВИНИЦА

ПРЕДЛОГ – БУЏЕТ
ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ВО 2027 ГОДИНА
НА 42 РИ ЦИОФФ МФФ „ИСТИБАЊСКО ЗДРАВОЖИВО – 2027“

Планирани приходи:

- Општина Виница	700.000,оо денари
- Министерство за култура	450.000,оо денари
- Спонзори и донатори	80.000,оо денари
***ВКУПНО:**	**1.230.000,оо денари**

Планирани расходи:

- Заостанат долг од 2026 година	285.000,оо денари
- Платно и изработка на знаменца (50 x 250)	12.500,оо денари
- Врвци за бецови (1600м. x 5,оо денари)	8.000,оо денари
- Припрема за печатење и печатење фестивалски материјали	65.000,оо денари
- Фотографирање, снимање и изработка на DVD комплети	25.000,оо денари
- Плакети (30 x 900,оо денари)	27.000,оо денари
- Членарина И.О.В.	31.000,оо денари
- Членарина Ц.И.О.Ф.Ф.	28.000,оо денари
- Озвучување на фестивалски настапи	35.000,оо денари
- Превоз за групите што ке пристигнат со авион (2 x 28.000,оо)	56.000,оо денари
- Нафта за автобуси (за европските ансамбли 6 x 9.000,оо)	54.000,оо денари
- Коктел и освежување на учесниците (вода)	14.000,оо денари
- Исхрана и ноќевање за време на фестивалските денови	589.500,оо денари
***ВКУПНО:**	**1.230.000,оо денари**

Истибања,
Ноември 2026 година

Фолклорен Ансамбл „КИТКА“ – Истибања
Претседател & стручно-уметнички раководител
Стојко МИТКОВСКИ